Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Дишлиоски 2019 со седиште на ул. „Нас. место без уличен систем бр. 20“ с. Радожда, Струга ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб – страницата на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

ДИШЛИОСКИ 2019 ДООЕЛ Струга со седиште на ул. „Нас. место без уличен систем бр. 20“ с. Радожда Струга поднесе Барање бр. УП1-13-795 од 5.12.2023 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел ДИШЛИОСКИ 2019 со седиште на „ул. Нас. место без уличен систем бр. 20“ с. Радожда, Струга, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-795 од 7.12.2023 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 41-13161/ 3**
**19 декември 2023 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата